Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-тата седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-3443/1 од 14.07.2023 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконитости поврзани со стопанисувањето со плажите на крајбрежјето на /// Езеро кои се наоѓаат на подрачјето на Општина ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај во тек е постапка пред друг надлежен орган – Основното јавно обвинителство ///.

Предметот со број 12-3443/1 од 14.07.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 14.07.2023 година, поднесена е пријава со наводи за незаконитости поврзани со стопанисувањето со плажите на крајбрежјето на /// Езеро кои се наоѓаат на подрачјето на Општина /// и оформен е предмет број 12-3443/1 од 14.07.2023 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконитости при издавањето под закуп на плажите на крајбрежјето на /// Езеро кои се наоѓаат на подрачјето на Општина ///, и тоа издавање на решенија од страна на Општина /// за поставување на урбана опрема на плажи за кои веќе се издадени решенија за отстранување на цврста градба, во услови кога за локацијата нема детален урбанистички план, и издавање под закуп на плажи на кои се наоѓаат цврсти градби за кои има издадено решенија за отстранување.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Со Заклучок на колегиум на ДКСК одржан на 21.08.2023 година, кон предметот со број 12-3443/1 од 14.07.2023 година извршено е спојување на предметот со број 12-2620/1 од 26.05.2023 година.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Општина /// и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Од увидот во податоците и информациите доставени како одговор на барањата на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Врз основа на писмен допис од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија од 06.05.2025 година, Основното јавно обвинителство /// на ден 15.05.2025 година има оформено кривичен предмет /// во кој се истражуваат исти или слични наводи за сомневања за можни злоупотреби при издавање под закуп на плажи на крајбрежјето на /// Езеро кои се наоѓаат на подрачјето на Општина /// и во чии рамки се преземени повеќе дејствија.

Имајќи предвид дека Основното јавно обвинителство /// веќе постапува по наводи кои се слични со наводите врз чија основа е оформен предметот, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК